Што значи и зошто е важна мобилизацијата на заедницата, која е целта, мотивот и каква е улогата на граѓанските организации? Овие прашања беа само дел од воведните излагања и дискусиите кои се развија на тематскиот форум на **Цивика мобилитас** кој се одржа на 13 октомври 2016 година во Едукативниот центар М6 во Скопје.




Над стотина претставници на граѓански организации имаа можност да разменат знаења и искуства за мобилизацијата на граѓаните за клучни општествени прашања. Во првата пленарна сесија, меѓународни експерти ги споделија своите искуства. **Сајмон Форестер**, меѓународен експерт на програмата Цивика мобилитас говореше за суштината на мобилизацијата и за нејзината значајност за граѓанското општество.

„Мобилизацијата е еден сеопфатен процес на планирање, на создавање коалиции, фокусирање кон јасната цел, добро познавање на целната група кон која се обраќаме и која ја претставуваме. Тоа што недостасува на Балканот се заеднички точки на мобилизација кои можат да не обединат во каузата, планирање и создавање на коалиции. Мобилизацијата е скалило, започнува со мали групи и се повеќе расте“, рече **Јагода Муниќ**, претседателот на најголемата светска еколошка мрежа – Пријатели на земјата (Friends of the Earth International) и програмски координатор во **Зелена Акција**.

**Алексеј Бузу**, директор на **Центарот за развој на партнерства од Молдавија** се задржа на научените лекции на оваа тема. „Мобилизирањето на заедницата треба биде водено од етички кодекс, да вклучува меѓусебна доверба, да биде насочено кон конкретни цели и точно препознаена целна група. Краткорочните методи не се начин за мобилизирање на заедницата.“



Претставници на домашните организации, **[Црвен крст на Република Македонија]** , **[КХ АМ]**
Делчево, Левичарско движење „
**[Солидарност]**
“ и
**[Организацијата на жени на општина Св. Николе]**
исто така споделија искуства. Александра Валкановска од Црвен Крст на Република Македонија, ги презентираше шесте златни добри практики за мобилизација на волонтери. Таа истакна дека е важно целната група да се идентификува со мисијата и целта на организацијата, да покаже успешни примери на соработка и со државните институции, како и да биде поврзана и на локално и на централно ниво.



Климентина Ристовска од „Солидарност“ зборуваше за мобилизацијата на членството. „Многу често, „Солидарност“ се поставува во позадина, со цел каузата да допре до што повеќе граѓани. Се трудиме различни социјални групи да бидат вклучени во организацијата и сите да имаат еднакво право на глас, но ваквиот начин на функционирање има и негативни страни, особено во процесот на донесување одлуки и спроведување на акции,“ рече таа. Меѓу другото, таа ја истакна потребата од директен контакт со засегнатите страни, притоа не ставајќи ја настрана употребата на социјалните медиуми за мобилизација на заедницата.

